Република Северна Македонија
Национална установа Центар за култура
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ"
Бр. 02-459/15
21.01 2026 год.
Прилеп

Врз основа на Законот за работните односи, Законот за извршување на Буџетот, доставеното Известување од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства во Буџетот за 2026 година бр. 19-220/2 од 16.01.2026 година и донесеното Решение за ставање во мирување на постапката за вработување бр.02-459/12 од 08.01.2026 година, директорот на НУЦК „Марко Цепенков“ – Прилеп донесува:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за продолжување на постапка за вработување

Член 1

Постапката за вработување на работно место билетопродавач, започната врз основа на јавен оглас бр. 02-459/2 од 24.12.2025 година, која со Решение беше ставена во мирување, се продолжува.

Член 2

Постапката продолжува поради добиена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства во Буџетот за 2026 година за вработување на едно (1) лице на работното место билетопродавач.

Член 3

Постапката ќе продолжи од фазата во која беше запрена, односно со спроведување на интервју со кандидатите кои ја поминале административната селекција.

Член 4

Кандидатите ќе бидат навремено писмено известени за продолжувањето на постапката и за терминот на интервјуто.

Член 5

Ова решение стапува на сила со денот на донесувањето.

НУЦК „Марко Цепенков“-Прилеп
Директор, Марија Попова Јованоска

Република Северна Македонија Национална установа Центар за култура "МАРКО ЦЕПЕНКОВ" Прилеп